Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 ), член 2 од Законот за извршување на буџетот за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/2017) и Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/07), Министерството за одбрана, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

за распределба на средства за финансиска поддршка на проекти на здруженија на граѓани и фондации

## I.ПРЕДМЕТ

Предмет на овој јавен повик е распределба на средствата одобрени во буџетот на Министерството за одбрана на Република Македонија за 2018 година, кои ќе се користат за финансиска поддршка на проекти што имаат за цел:

1. Поддршка на интегративните процеси на Република Македонија во Евроатланските структури;
2.Популаризација на службата во Армијата на Република Македонија меѓу граѓаните на Република Македонија;
3. Зголемување на транспарентноста во одбраната;
4.Придонес во креирањето на одбранбената политика и реформите во одбраната;
5. Придонес кон значењето и улогата на родовите перспективи во одбраната.

## II.ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавниот повик имаат здруженија на граѓани и фондации во Република Македонија.

## III.УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ

- Тековна состојба и доказ од Централен регистар на Република Македонија дека не е поведена стечајна и ликвидациона постапка за барателот;
- Изјава дека за иста намена и активности наведени во барањето не користел средства од друг орган на државна управа или други извори што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори, освен доколку станува збор за кофинансирање;
- Доказ од Управа за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки и
- Други основни критериуми од Кодексот за добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

## IV.ИЗНОС НА СРЕДСТВА И НАЧИН НА НИВНО КОРИСТЕЊЕ

Вкупниот износ на средства кои се одобрени во буџетот на Министерството за одбрана за 2018 година изнесува **3.000.000 денари**. Средствата се одобрени на потпрограма 10 Администрација, ставка 463 Трансфери до невладини организации и истите се наменети за финансиска поддршка на проекти на здруженија на граѓани и фондации.

Одобрените средства за финансиска поддршка на проектите потребно е да се користат за постигнување на целите наведени во дел I Предмет, во овој Јавен повик и истите да се користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во проектот.

Доделените средства потребно е да се потрошат најкасно до 31.12.2018 година.

## V. ИЗБОРОТ НА КОРИСНИЦИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ВРЗ ОСНОВА НА КРИТЕРИУМИТЕ ОД КОДЕКСОТ ЗА ДОБРИ ПРАКТИКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ, КАКО И СЛЕДНИТЕ ПОСЕБНИ ПРОЕКТНИ КРИТЕРИУМИ ЗА БОДИРАЊЕ НА ДОСТАВЕНИТЕ ПРОЕКТИ:

| Критериуми | Максимален број на бодови |
|---|---|
| Дали апликантот располага со соодветна организациона структура и човекови ресурси за спроведување на проектот (вработени, волонтери, хонорарно ангажирани) | 10 |
| Дали целта на проектот е јасно дефинирана, и соодветствува на целите предвидени со јавниот повик | 15 |
| Дали очекуваните резултати предвидени со проектот се јасни, реални и поврзани со целите предвидени со јавниот повик | 20 |
| Степенот на директно и индиректно влијание врз креирањето на одбранбената политика и реформите во одбраната | 15 |
| Дали планот за спроведување е јасен и остварлив | 20 |
| Дали планираните финансиски средства соодветствуваат на реалните пазарни цени во Република Македонија | 10 |
| Поголемо сопствено или учество од други извори на финансирање[1] | 5 |
| Дали реализацијата на проектот вклучува поголем број на партнерства | 5 |

*секој од горенаведените критериуми ќе се вреднува процентуално, од предвидениот максимален број на бодови, по следното:
0% не исполнува, 50% делумно исполнува, 100% целосно исполнува

[1] Кофинансирањето не е задолжителен услов

## VI.НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕ

Барањето за финансирање на проекти од овој јавен повик се доставува во пополнет образец **БАРАЊЕ** во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице. Еден корисник може да поднесе само едно барање за користење на средствата од овој јавен повик.

Кон барањето се доставува детално пополнет Образец за пријавување. Барањето и Образецот за пријавување се објавени на веб страната на Министерството за одбрана www.morm.gov.mk.

Барањето и образецот со комплетната документација се доставуваат на еден од следните начини:

- електронски на електронската адреса: javenpovik@morm.gov.mk;
- во затворен плик преку пошта на адреса: Министерство за одбрана, ул. „Орце Николов“ бр. 116, 1000 Скопје;
- со предавање во архивата на Министерството за одбрана секој работен ден од 08.30 до 15.00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВАРАЈ“, а под тоа „за јавен повик за доставување на барање за финансирање на проекти“.

Апликациите кои нема да ги содржат бараните податоци на овој јавен повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

Крајниот рок на доставување на барањето е најдоцна до 30.04.2018. Барањата кои нема да бидат доставени во предвидениот рок нема да бидат разгледани.

За дополнителни информации лице за контакт е Филип Стојковски, тел. за контакт 070367330, електронска адреса: filip.stojkovski@morm.gov.mk .

## VII.ПОСТАПКА И ОДОБРУВАЊЕ

Распределбата на средства се спроведува согласно добрата практика за обезбедување финансиски средства утврдени во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Сл.весник на РМ“ бр. 130/07).

Постапката за избор ја спроведува комисијата формирана од министерката за одбрана со Решение бр. 02-1519/1 од 06.03.2018 година.